КУЛТУРА

# Култура

КУЛТУРА

БУЛ. СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ 68а
Тел: 3111-332; Факс 322 86 08

e-mail:ipkultura@unet.com.mk
www.kultura.com.mk

## СУЗАНА МИЛЕВСКА КУРАТОР И КУСТОС ВО ОТВОРЕНОТО ГРАФИЧКО СТУДИО



„Небомантија", инсталација на Славица Јанашлиева

# ТЕКСТОТ Е ЕДИНСТВЕН ПРОСТОР НА СЛОБОДНО ИЗРАЗУВАЊЕ

*Во овој момент има некаков глад на западната сцена за уметници од Источна Европа, од Балканот, но стравувам дека пазарот многу брзо ќе се засити*

КАТЕРИНА БОГОЕВА

Сузана Милевска, кустос во Отвореното графичко студио, куратор чие име се поврзува за голем број домашни и меѓународни проекти, но годинава и со мошне значајниот, Мапата на Источната уметност. Од позиција на куратор, посочувач на значјните сегменти, движења, уметници кои го одбележуваат времето во кое живееме, Милевска укажува на неопходноста од континуирано постоење на отворени простори во секаква смисла на зборот како што е и Студиото при Музејот на град Скопје

**Што за вас преставува можноста да учествувате во меѓународните ликовни проекти како што е Мапата на Источната уметност.**

Учеството во таков проект е најголемо признание, пред се поради фактот дека нејзин иницијатор беше групата ИРВИН, која не е институција, но сепак може да се каже дека е поважна од одредена културна институција во една држава. Таа група беше присутна во време на премрежијата, ги започнаа сите поинакви односи кон уметноста Местото што и е дадено на македонската уметност во мапата, не произлегува од мојата национална гордост, туку од самата уметност која се наметнува преку конкретните уметнички дела и личности, што јас како селектор ги одбрав без поголем проблем. Изборот сам се избра себеси. Целата идеја на Источноевропската мапа е вклучувањето на уметниците кои паралелно работеле на различни простори, кои имаат заеднички концепти за кои не биле свесни. Наскоро таа идеја повторно ќе биде присутна, со објавување на книга, во која ќе се појават текстови со повеќе темелни информаци и интрепретации на проектите што се сеелектирани. Ќе биде испечатен и ЦД ром, со вèзулен материјал за секој од уметниците, за нивните ндивидуални кариери, за клучните проекти кои одиграле улога во нивната кариера, но важни и за локалната сцена. Источно-европската мапа сеуште се изложува и на неколку групни изложби посветени на уметноста од Балканот. Една слична, антологиска книга под наслов “Примарни документи”, излезе во 2002 година и стави голем акцент на историскиот аспект. Нејзин издавач е Музејот на модерна уметност МОМА во Њујорк. Во таа книга сум застапена со еден текст.

**Постопи ли сеуште радост од презентирањето на ликовните вредност кај уметниците и кај вас кураторите од Источна Европа?**

Постои позитивен аспект на соработка која не постоеше како таква, и која сега е повеќе овозможена, не поради политичките ситуациии туку поради врските меѓу- уметниците кои и тогаш постоеа, но не беа интензивирани. Негативниот аспект е стравот кој постои кај мене, дека сето тоа ќе пројде многу брзо, како што се случуваше и во почетокот на 80- тите години, со секој нов тренд во уметноста. Во овој момент има некаква глад на западната сцена за уметници од Источна Европа, од Балканот, но стравувам дека многу брзо пазарот ќе се засити со неколку одредени имиња и дека ќе се сврти на некое друго место. Двата аспекта се всушност реалност. Радоста од можноста да се соработува, на еден подиректен начин со колегите од Источна Европа со кои не сме соработувале, е отворање на нови можности за превреднување, за преиспитување на нешто, за кое долго време не сме биле заинтересирани, бидејќи не постоел интерес. Се појавија и можности за критичко превреднување на она



што во тоа време било вредно. Не сум ентузијаст да мислам, дека сега кога се отворија можностите треба да прогласиме дека уметноста од Истокот била подобра од западноевропската уметност. Не станува збор за натпревар, туку за ставање на хартија на она што се случувало, бидејќи има многу голема можност да исчезне. Современата уметност е доста ефемерна по својата природа. Затоа вакви книги и изложби се потребни. Моментот треба да се искористи.

**Поминувате голем дел од времето во странство**

Да, се обидувам да ја комплетирам докторската теза во Лондон, на Голдсвид колецот. Станува збор за тригодишен програм, а мојата теза е поврзана со презентација на жените во раната балканска фотографија. Истовремено доста пишувам и сеуште работам на остварување и комплетирање на програмата на Отвореното графичко студио. Во овој период работев и на проектот "Културни територии" кој директно не беше реализиран во соработка со македонски уметници. Бев поканета од Музејот на современа уметност во Лајпциг, и го реализирав со авторките Тања Остолиќ од Југославија која живее во Германија и Ан Кулик, автор од Лајпциг. Мојот дел од целиот проектот беше ток- шоу, емисија која беше замислена со присуство на публика, со снимање на еден разговор во траење од 45 минути со прашања од публиката.. Интерес имаше во локалнта телевизија и шоуто доби четири термини, а се прикажуваше и во галеријата Темата на шоуто беше интерграција.Културно - политичка, атрактивна тема за Германија. Станува збор за еден поинаков пристап кон кураторството воопшто, поради тоа што јас воопшто не се ограничив ниту со простор, ниту со избор на уметниците, ниту со публиката. Влегов во медумскиот простор на домот, во просторот на “компирот од каучот”, кој цело време седи во својот комфорен простор. Нему му доаѓа една неочекувана тема на телевизија, и негово е дали ќе ја одгледа емисијата или ќе го сврти каналот.

**Прашањата на интеграција се актуелни во светот, особено на овие простори. Гледате ли одреден исчекор, поместување, можност за промени во меѓусебните погледи на" едните и другите" во Европа**

Ова прашање сепак треба да им се постави на политичарите кои имаат поблизок пристап до дистрибуцијата на моќта. Во целата своја кариера, доживеав да видам дека моќта на критката, овде не е многу голема и затоа тешко можам да одговорам на тоа прашање, кога чувствувам дека кураторот ја нема таа моќ на одлучување..Не одлучува ниту за вредноста на средствата за проектите, ниту како ќе се распределат истите. Многу често, ако се работи на проблемите врзани со интеграцијата и мултикултурата, изборот на уметниците се прави од страна. Може ќе звучи песимистички, но во мојава кариера се навратив на текстот, како единствен простор на слободно изразување Се додека ја немам таа слобода во остварувањето на проектите, каде што секој може што дава средства да се замеша и во содржината на проектот, јас одлучив или да пишувам текст, во кој ќе можам да бидам крајно критички настроена, без никој тоа да го оневозможи, или пак ќе правам мали проекти токму во Отвореното графичко студио. Тука доаѓа до израз слободата на изразување, еден вид обратно пропорционална слобода во однос на средствата. Не е само во Македонија така.

**Што ќе се случува до крајот на годинава во Отвореното графичко студио**

Планирани се изложби на Илија Пенушлиски, Радмила Ончевска и Лилјана Ѓузелова. Важно е да се потенцира потребата од постоење на Студиото, бидејќи кај нас се затвораат галерии, исчезнуваат од културната мапа. Една од моите цели, преку меѓународните проекти е студиото да продолжи да работи.Се обидувам проблемот со финансирање и немање средства да го надминам со конкурирање на различни конкурси за проекти, за Министерството за култура и матичниот Музеј на град Скопје, да не бидат единствените финансиери.